# Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации
## Образец за пријава на иницијативи

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме за интересот за пријава на иницијатива во рамки на вториот од серијата „Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации“ насловен: **„БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА“**, кој ќе се одржи на 06.07.2018 година, со почеток во 12.00 часот во Свечена сала, Влада на РМ.

**Ве замолуваме, пред пополнување на овој образец за пријава, внимателно да го прочитате Упатството за поднесување на иницијативи.**

**Назив на вашата организација:** Здружение Зелена Лупа

**Адреса (улица, број, општина):** Гоце Делчев бр 14 кат 3 Скопје

**Електронска пошта (e-mail):** Info@zelenalupa.mk

**Телефонски број:** 026090124

**Лице за контакт (име и презиме, телефон и е-пошта):** Aleksandra Nastevska

**Веб страница на вашата организација:** www.zelenalupa.mk

**Наслов на вашата иницијатива:** Иницијатива за НОВ ЗАКОН ЗА КОНФИСКАЦИЈА

**Проблеми и потреби:** (Идентификувајте ги проблемот и потребата, вклучувајќи податоци од претходни истражувања и анализи. Максимум еден параграф.)

Во РМ, конфискацијата на имот стекнат преку кривични дела е на многу ниско ниво заради слаба функционалност на системот, и непостоење на јасни процедури кога и на кој начин ЗАДОЛЖИТЕЛНО треба да се започне со таквата постапка од една страна, и непостоење на јасни процедури и методологија за водењето на самата постапка од друга страна. Оттука, резултатите во пракса се многу слаби, а ова е една од најважните теми во борбата против криминалот и корупцијата.

**Објаснување на иницијативата:** (Објаснете ја вашата иницијатива, односно што е она кое вие го предлагате со оваа иницијатива и наведете ја надлежната институција. Максимум два параграфи.)

Министерството за Правда, во соработка со други институции, да оформи работна група која што ќе изготви нов Закон за одземање на имот во корист на државата, кој што може да биде многу сличен како истиов Закон  кој што функционира во Р.Бугарија од 2005-та година, а статистиките и резултатите од истиот Закон се фасцинантни.

**Цели и очекувани резултати:** (Објаснете кои се целите што ќе се постигнат доколку се спроведе предложената иницијатива. Објаснете кои се посакуваните или очекуваните ефекти, односно што ќе се промени доколку се спроведе предложената иницијатива. Максимум еден параграф.)

Целта е преку Законот да се предвиди формирање на нова инстититуција - Комисија, која што во граѓанска постапка ќе го спроведува процесот. Комисијата треба да биде раководена од петочлен Управен одбор, (еден предложен од Влада на РМ, еден од Претседател на РМ, и тројца од Собрание на РМ, - двајца од мнозинството и еден од опозицијата). Комисијата ќе има свој центар во Скопје, и ќе има регионални канцеларии во градовите со месна надлежност на Апелационите судови. Вработените можат да бидат преземени од други државни институции каде што има вишоци, за да се намалат финансиските трошоци. Комисијата ќе има надлежност да го испитува потеклото на капиталот за осомничени за одредени тешки кривични дела, (не за сите), кои ќе бидат дефинирани во законот. Комисијата ќе соработува и ќе биде во директна координација со МВР, Финансова полиција и Обвинителството. Со започнувањето на истражна постапка за предвидените кривични дела, институциите ја информираат комисијата за групата за која се води истрага. Комисијата започнува финансиска истрага, врз база на утврдена методологија, и го документира целокупниот имот на осомничените, и на нивни блиски за кои постои сомнение за поврзаност на капиталот кој што потекнува од сторените кривични дела. Информациите за капитал надвор од РМ, прибрани во соработка со Управата за ЀФинансиско Разузнавање, информациите за стекнатиот капитал на територија на РМ, прибрани преку регионалните канцеларии, и информациите прибрани од државните институции како што се Катастар на РМ, УЈП, Централен Регистар, Централен Депозитар за хартии од вредност, и останати државни институции, прибрани преку централата во Скопје, се сублимираат во централата во Скопје. Кога ќе заврши кривичната постапка, и доколку осомничените се осудени за предвидените кривични дела со правосилна пресуда, се започнува со ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА која што ја води Комисијата. Во граѓанската постапка, теретот на докажување за стекнувањето на пронајдениот имот и капитал, е кај осудените лица. Во постапката за конфискација што ја води Комсијата, обвинетите за се што ќе приложат докази дека е стекнато легалоно, останува во соспственост на осудените. За сиот имот и капитал, за кој што нема да можат да докажат дека е стекнат на законски начин, АВТОМАТСКИ се одзема - КОНФИСКУВА во корист на државата.

**Проценка на финансиски импликации и временска рамка:** (Наведете, доколку можете, јавни финансиски импликации за реализација на предложената иницијатива, т.е. проценка колку буџетски средства би биле потребни за да се спроведе Вашиот предлог. Претставете ја временската рамка на спроведување на иницијативата.)

За кирија, техника, плати, и оперативни трошоци, за функционирање на ваквата комисија се потребни максимум 700.000 евра годишно. Проценките за приходи кон државата се дека комисијата ќе допринесува од 5 милиони евра па до 50 милиони евра годишно.
Временска рамка:
Носење на закон - 6 месеци
Формирање и ставање во функција на комисијата - 6 месеци
За 12 месеци Комисијата може да започне со работа.

**Начелен план за мониторинг и евалуација:** (Објаснете како планирате да го следите и оцените спроведувањето на вашата иницијатива. Максимум еден параграф.)

Согласно праксата на Владата на РМ, за соработка со граѓанскиот сектор, Зелена лупа очекува да има свој претставник во работната група која што ќе го подготвува Законот, а во понатамошна фаза ќе врши мониторинг на работата и функционирањето на комисијата.

**Прилози (опционално):**

Во прилог 3 документи:

- Закон Бугарија претходна верзија
- Закон Бугарија последна верзија
- Правилник за работа на комисијата